# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 6 | Среда , 24.03.2010 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**:

| Р.б. | | Стр. |
|---|---|---|
| **48.** | **Одлука** за измена на Одлуката за долгорочно задолжување на општина Струмица .................... | 2 |
| **49.** | **Одлука** за утврдување на приоритети за уредување на патна (пешачка) инфраструктура во рурални подрачја ........................... | 3 |
| **50.** | **Одлука** за прифаќање на проектот "Изградба на спореден пат с.Баница – с. Вељуса" .................. | 3 |
| **51.** | **Одлука** за прифаќање на проектот "Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово" ........................................ | 4 |
| **52.** | **Одлука** за измена и дополна на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица .......... | 5 |
| **53.** | **Одлука** за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица | 5 |
| **54.** | **Заклучок** за давање согласност на Програмата за работа на ЈП "Паркиралишта Струмица" Струмица за 2010 година .................................. | 6 |
| **55.** | **Заклучок** за давање согласнот на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец" Струмица за 2009 година ............................................. | 7 |
| **56.** | **Заклучок** за давање согласност на Годишната сметка со Финансов извештај на ЈПКД "Комуналец" Струмица за 2009 година .................. | 7 |
| **57.** | **Заклучок** за давање согласнот на Одлуката за усвојување Ценовник на хортикултурните услуги за одржување на јавните зелени површини ........................................ | 8 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за долгорочно задолжување на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за долгорочно задолжување на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08-1541/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

## 48.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за измена на Одлуката за долгорочно задолжување на општина Струмица**

Член 1

Во член 5 став 1 од Одлуката за долгорочно задолжување на општина Струмица („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 1/10) се врши следната измена:

Износот од „280.000.000,оо„ се заменува со исносот „170.000.000,оо“ денари..

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“, а ќе се применува по добивањето на писмената согласност од Владата на РМ.

Бр.07-1541/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на приоритети за уредување на патна (пешачка) инфраструктура во рурални подрачја

1. Се објавува Одлуката за утврдување на приоритети за уредување на патна (пешачка) инфраструктура во рурални подрачја, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08 -1532/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

## 49.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06 ), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на приоритети за уредување на патна (пешачка) инфраструктура во рурални подрачја**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритети на Проект доставена од општина Струмица и тоа:

- **Пешачка патека во село Банско**

Член 2

Со утврдениот приоритетен Проект ќе се аплицира на Јавниот оглас на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за добивање средства за негова реализација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр.07-1532/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

..........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ бр.5/02) и член 39 став1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06(, Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот “Изградба на спореден пат с.Баница – с.Вељуса“

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот “Изградба на спореден пат с.Баница – с. Вељуса“ донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08-1533/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

**50.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица- пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за прифаќање на проект “Изградба на споредeн пат с. Баница – с. Вељуса”**

Член 1

Со оваа Одлука се прифака поднесувањето на проектот **“Изградба на споредeн пат с. Баница – с. Вељуса”** кој општина Струмица ќе го аплицира до Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој – развој на селата.

Член 2

Вкупната вредност на проектот **“Изградба на споредeн пат с. Баница – с. Вељуса”** е 1.140.520 денари.

Во согласност со член 1 на оваа одлука, Општина Струмица ќе обезбеди 50 % од вредноста на проектот во висина од 570.260 денари. Средствата за реализација на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Струмица за 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“

Бр.07-1533/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот “Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово“

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот “Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово“, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08 -1334/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
Ст р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**51.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица -- пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за прифакање на проект “Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово”**

Член 1

Со оваа Одлука се прифака поднесувањето на проектот **“Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово”** кој општина Струмица ќе го аплицира до Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој – развој на подрачја со специфични развојни потреби.

Член 2

Вкупната вредност на проектот **“Инфраструктурна основа за развој на рурален туризам во село Габрово”** е 3.397.197 денари.
Во согласност со член 1 на оваа одлука, Општина Струмица ќе обезбеди 44,15 % од вредноста на проектот во висина од 1.500.000 денари. Средствата за реализација на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Струмица за 2010 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-1534/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица “ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за измена и дополна на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица

1. Се објавува Одлуката за измена и дополна на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08-1535/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

**52.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) и член 20 став 1 точка 7 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на измена и дополна на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица**

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на Измена и дополна на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица

Член 2

Измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица е со површина од 7,76 ха со ганичен опфат помеѓу:

- Од источната страна по осовината на улица "Климент Охридски"
- Од северната страна оди по улица "Крушевска Република"
- Од западната страна по улица "Ката Поцкова"
- Од јужната страна по улица "Ѓорги Василев"

Член 3

Измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица се состои од текстуален и графички дел, кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Измената и дополната на Деталниот урбанистички план за дел од блок 14 во Струмица се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.07-1535/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседеател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на Општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08 -1540/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**53.**

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Се утврдува потребата од изработување на урбанистичка планска документација на подрачјето на општина Струмица за уредување и користење на просторот за следната катастарска и

градежна парцела:

| р.б. | Катастарска/градежна парцела | Подносител на иницијатива | |
|---|---|---|---|
| 1 | КП 3438 КО Струмица | ДОО "ОМНИ" Градба Струмица | самоинвестирање |

Член 2

Одлуката за изработка на локални урбанистички плански документации на подрачјето на општина Струмица, претставува основа за изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација со која се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат,како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела,за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, а заради реализација на инвестициски проекти од значење на општината.

Член 3

По утврдувањето на потребите од изработување на урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот, истата треба да биде одобрена од Градоначалникот на општина Струмица

Член 4

Средства за изработка на ЛУПД ќе се обезбедат со самоинвестирање

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1540/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Програмата за работа на ЈП “Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2010 година

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на Програмата за работа на ЈП “Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2010 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр. 08-1536/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................

**54.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06),Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Програмата за работа на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица за 2010 година**

1. Се дава согласност на Програмата за работа на ЈП„Паркиралишта Струмица“ Струмица

за 2010 година, усвоена со Одлука бр.02-15/1 од 15.02.2010 год. од Управниот одбор на ова претпријатие.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-1536/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

........................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласнот на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, за 2009 година

1. Се објавува Заклучокот за давање согласнот на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2009 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр. 08-1537/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................................

**55.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Советот на општина Струмица на седницата одршана на 23.03.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2009 година**

1. Се дава согласност на Извештајот за работата на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2009 година, усвоен со Одлука бр.02 -1248/2 од 15.03.2010 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на општина Струмица“.

Бр.07-1537/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донес

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласност на Годишната сметка со финансов извештај на ЈПКД “Комуналец“ Струмица за 2009 година

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на Годишната сметка со Финансов извештај на ЈПКД “Комуналец“ Струмица за 2009 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08-1538/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**56.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06,22/07 и 83/09) и член 20 од Статутот на Општина Струмица – пречистен текст („Сл. гласник на општина Струмица“ бр. 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одршана на 23.03.2010 година донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Годишната сметка со финансов извештај на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2009 година**

1. Се дава согласност на Годишната сметка со финансов извештај на ЈПКД „Комуналец“ Струмица за 2009

година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр.07-1538/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица“ бр.5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за давање согласнот на Одлуката за усвојување Ценовник на хортикултурните услуги за одржување на јавните зелени површини

1. Се објавува Заклучокот за давање согласнот на Одлуката за усвојување Ценовник на хортикултурните услуги за одржување на јавните зелени површини, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 23.03.2010 година.

Бр.08-1539/2 Градоначалник
24.03.2010 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

## 57.

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст („Сл.глсаник на општина Струмица“ бр.5/06 ), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.03.2010 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за усвојување Ценовник на хортикултурните услуги за одржување на јавните зелени површини**

1. Се дава согласност на Одлуката за усвојување Ценовник на хортикултурните услуги за одржување на јавните зелени површини, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие бр.02-1248/3 од 15.03.2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во „Сл.гласник на општина Струмица“.

Бр.07-1539/1 Совет на општина Струмица
23.03.2010 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.......................................................